Секоја година приближно секој петти жител на Викторија ќе има искуство со ментална болест.

Викторискиот систем за ментално здравје не успеа да им помогне на луѓето на кои најмногу им требаат висококвалитетно лекување, нега и помош.

Сегашниот систем беше опишан како распаднат.

Затоа, Викториската влада ја формира Кралската комисија за викторискиот систем за ментално здравје. Викториската заедница досега даде 8.200 поднесоци.

Привремениот извештај сега е достапен за јавноста.

Тоа не е конечниот извештај. Но, во него се даваат некои препораки за започнување со задоволувањето на непосредните потреби. Тој исто така ќе помогне да се подготви патот за реформа на целиот систем, што ќе уследи по конечниот извештај на Комисијата.

Викториската влада е решена да ги исполни сите препораки што ќе ги даде Комисијата.

Препораките во привремениот извештај вклучуваат:

- формирање на Викториски кооперативен центар за ментално здравје и добросостојба
- отворање на нови 170 легла за акутни случаи на ментални болести
- проширување на продолжена нега и поддршка на лица по обид за самоубиство
- подготвување на резиденцијална служба што ја дизајнирале и во која работат луѓе со лично искуство **и** зголемување на бројот на работници со лично искуство
- проширување на службите за абориџинските жители на Викторија низ целата држава
- зголемување на работната сила за ментално здравје и подготвување на водачи
- обезбедување на значително зголемување на инвестициите за ментално здравје
- и формирање на наменска канцеларија за да започне реализацијата на препораките на Комисијата.

Нашата работа не завршува тука. Завршниот извештај ќе го објавиме во октомври 2020 година. Тој ќе претставува смел и иновативен пристап за трансформација на викторискиот систем за ментално здравје за луѓето кои живеат со ментална болест, нивните семејства, негуватели и заедницата.